# СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕПСО

МЕСО на РМ Синдикална организација на
МЕПСО 1
Бр. 0202-42/3
15.04. 2021 год.
СКОПЈЕ

На 18-та седница на Главниот ИО на Синдикалната организација на Оператор на електропреносниот систем на Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, со скратено име СО на МЕПСО – Скопје, одржана на ден 02.04.2021 година , согласно **Член 32** од Статутарните правила на СО на МЕПСО Главниот Извршен одбор ја донесе следната

## О Д Л У К А

Согласно **Член 17** од Статутарните правила на СО на МЕПСО на МЕСО на РМ, каде Членството во СО на МЕПСО престанува:

– со доброволно истапување на членот и давање на писмена изјава до претседателот на Синдикалната организација, и во рок од 15 дена од поднесувањето надлежниот орган на СО на МЕПСО треба да достави одлука за исчленување на членот.

**Измена и допуна:**

**- Членот во СО на МЕПСО може доброволно да истапи од Синдикалната организација само под услов доколку не користи помош од сметката на Синдикалната организација во вид на позајмица, вредносни средства во вид на бонови и не ги користи во моментот услугите на СО на МЕПСО каде има склучено договори со фирми на одложено плаќање (на рати).**

**- Доколку членот во моментот користи позајмица или искористил вредносни средства во вид на бонови од сметката на СО на МЕПСО, а сака да истапи од СО на МЕПСО мора во целост истите средства да ги врати на сметка на СО на МЕПСО или неговото напуштање од СО на МЕПСО може да се реализира по истек на шестиот месец од подигањето на средствата, поради проверка на финансиско сметководствените обврски на СО на МЕПСО.**

**- Доколку во моментот членот ги користи услугите на СО на МЕПСО каде има склучено договори со фирми на одложено плаќање (на рати), за негово напуштање потребно е преостанатите рати по фирмите што се со одложено плаќање да се исплатат во целост.**

– со поднесување на писмена изјава и доказ за подмирените обврски се подготвува спогодба за негово истапување и воедно на членот му престануваат сите права и обврски, вклучувајки го и правото на правна заштита.

Ова Одлука влегува на сила со денот на донесување

Потписници на Одлуката членови на ИО на СО ма МЕПСО

1. Горан Стојановски – Претседател на ИО на СО на МЕПСО
2. Седула Мамути - Член
3. Сашо Тасевски – Член
4. Алекасндар Боцев - Член
5. Дејан Иваноски - Член
6. Ѓорѓи Јанакиевски - Член

Скопје 02.04.2021

Синдикална организација на
МЕПСО
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Горан Стојановски

на РМ Синдикална МЕПСО СКОПЈЕ организација